АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 01.04.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 1558/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово;
3. **Период опфатен со надзорот:** 29 март 2025 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 1 април 2025 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година)
6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 25.02.2025 година, за непочитување на членот 14 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр. 03-70 од 25.02.2025 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (27.02.2025 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, емитуван на 29 март 2025 година, на локално ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда на Законот за медиуми.

8. **Опис на прекршувањето: /**
9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***